# ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

# за 2023 година

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:**

Квалитетно и инклузивно средно образование (еднакви можности на момчињата и девојчињата).

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**

Сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење

Центар за стручно образование и обука

Сектор за финансиски прашања, Одделение за буџетска координација

Сектор за ученички и студентски стандард

**Вид на програмата**

☒ **Хоризонтална**

☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026:**

Во Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 нотирано е дека целосно родово сензитивно и рамноправно образование ќе се постигне со задржување во образовниот процес на девојчињата од ранливите групи, поттикнување на девојчињата да се образуваат во полиња што се сметаат за „машки“, а кои како професии се повеќе платени и овозможуваат поголем избор на работни места, односно се професии на иднината.

Во Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 нотиран е податок дека во средните училишта, во учебната 2018/2019, ученички има повеќе во гимназиско образование (14 849 наспроти 12 674), додека ученици има повеќе во стручното образование (23 557 наспроти 18 945).

Врз основа на ваквите бројки на запишани студенти во средните стручни училишта низ годините, едни од стратешките приоритети и цели на Министерството за образование и наука се и усогласувањето на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот, како и модернизирањето на системот за стручно образование и обука.

Програмата „Квалитетно и инклузивно средно образование (еднакви можности на момчињата и девојчињата)“ е поврзана со следниве стратешки цели и приоритети од Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 година:

Општа цел 2. Подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот живот

Специфична цел 2.6: Родово сензитивни образование и наука

## 2. Вовед

Со Програмата ,,Квалитетно и инклузивно средно образование“, предмет на детална анализа се следниве три струки:

- Градежно – геодетска;
- Земјоделско - ветеринаринарна и
- Шумарско - дрвопреработувачка.

## 3. Позадина/контекст

Програмата ,,Квалитетно и инклузивно средно образование“ произлегува од стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија ,,Квалитетно образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот”, односно приоритетните цели ,, Развивање квалитетно образование достапно за сите, кое ќе создава кадар способен за логично и критично размислување, базирано на анализи и факти”, образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот и афирмирање и унапредување на културата, развој и унапредување на образованието, на јазиците на припадниците на заедниците”.

Целта на оваа програма е обезбедување квалитетно и инклузивно средно образование и унапредување на ученичкиот стандард.

Согласно образованиот систем во Република Северна Македонија, средното образование е задолжително и бесплатно и опфаќа ученици/чки на возраст од 15-17/18 години.

Реформата на стручното образование и обука е тесно поврзана со промените на пазарот на трудот. Имено, потребите на пазарот на трудот, влијаат и во обликување на моделот на стручно образовани и обука, како систем насочен кон создавање на човечки ресурси за потребите на пазарот на трудот, преку вработување или самовработување. Односот помеѓу овие две компоненти е взаемно условен и поврзан. Иницијативата за легислативни промени во сегментот на стручното образование и обука се наоѓа во Стратегијата за образование за 2018-2025 година. Имено, Стратегијата за образование 2018-2025 година го констатира следното “Бројот на стручни предмети во наставниот план е најнизок во Европа, околу 52% (наспроти 70% во Европа) и најголем број на општи предмети во стручното (околу 42%) со што

стручното образование е повеќе општо – образовно. Исто така, бројот на часови за практична обука е исклучително низок, во просек 20-30%, наспроти европскиот тренд од над 60%." Истовремено, Стратегијата за образование 2018-2025 година, ги поставува следните приоритети: 1) Усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот, 2) Подобрување на средината за учење и квалитетот на стручното образование и обука, 3) Зголемување на опфатот во стручното образование и обука и 4) Подобрување на капацитетите на човечките ресурси.

Имајќи предвид дека фокусот на уписните политики е средното стручно образование кое се покажува како дефицитарно и нуди просперитет за младите, најбројна категорија се стипендиите за ученици што се запишаа во дуални паралелки во четиригодишно стручно образование, но и ученици што се запишаа во тригодишно средно стручно образование.

Согласно гореспоменатото, а имајќи ја предвид анализата која министерството ја направи во однос на запишаните момчиња и девојчиња во средно стручно образование, произлезе потребата од избор на оваа програма. Предмет на детална анализа се следниве три струки:

- Градежно – геодетска;
- Земјоделско - ветеринаринарна и
- Шумарско - дрвопреработувачка.

## 4. Остварени резултати, промени и влијанија (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

**4.1. Остварени резултати, промени и влијанија:**




Градежништво и геодезија
2000
1800
1600
1400
1200
1000
800
600
400
200
0
1458
482
976
1526
542
984
1573
590
983
1734
692
1042
1823
783
1040
2019-2020
2020-2021
2021-2022
2022-23
2023-2024
Вкупно
Жени
Мажи


Земјоделство, рибарство и ветеринарство
1600
1400
1200
1000
800
600
400
200
0
1458
371
1087
1234
382
852
1090
369
721
1133
418
715
1071
421
650
2019-2020
2020-2021
2021-2022
2022-2023
2023-2024
Вкупно
Жени
Мажи


Шумарство и обработка на дрво
700
600
500
400
300
200
100
0
599
179
420
596
170
426
583
176
407
550
169
381
496
163
333
2019-2020
2020-2021
2021-2022
2022-23
2023-24
Вкупно
Жени
Мажи


Процентуално учество на жени во вкупниот број на запишани ученици
42.00%
40.00%
38.00%
36.00%
34.00%
32.00%
30.00%
31.50%
33.00%
35.00%
37.00%
40.00%
2019-2020
2020-2021
2021-2022
2022-23
2023-24


Процентуално учество на жени во вкупниот број на запишани ученици на градежништво и геодезија
44.00%
42.00%
40.00%
38.00%
36.00%
34.00%
32.00%
30.00%
33.00%
35.52%
37.51%
39.91%
42.90%
2019-2020
2020-2021
2021-2022
2022-23
2023-24


Процентуално учество на жени во вкупниот број на запишани ученици на земјоделство, рибарство и ветеринарство
45.00%
40.00%
35.00%
30.00%
25.00%
20.00%
25.45%
30.96%
33.85%
36.89%
39.30%
2019-2020
2020-2021
2021-2022
2022-2023
2023-2024







Во 2023 година со цел се поголема промоција на средното стручно образование како остварлива можност за идно вработување и кариера како за момчињата така и на девојчињата, министерството преку проектот Образование за вработување во Северна Македонија – Е4Е@мк финансиран од Швајцарската агенција за обука и развој, кампањата „Учи паметно работи стручно“ за прв пат, ја десеминира на локално ниво. Тоа значи дека во почетокот на 2023 година се спроведуваа обуки за претставници на општини, училишта, компании кои треба за следната учебна 2024/2025 година да ги преземаат на локално ниво сите потребни фази (прибирање податоци, анализа, дијалог со приватен сектор и други социјални партнери, кампања и промоција на стручното образование) во насока на подготовка

на идниот Конкурс за запишување ученици во јавните средни училиште (2024/2025) и негова промоција кај сите засегнати страни.

На 6.2.2023г. во Куманово, МОН, коморите и локалните самоуправи го започнаа социјалниот дијалог „Учи паметно, работи стручно“ за утврдување на реалните потреби за стручни профили во средните стручни училишта за учебната 2023/2024 година.

Дијалогот меѓу централната власт, локалните самоуправи и компаниите, се одвиваше во текот на месеците февруари и март, во сите региони во државата.

Одржани се голем број на работилници/обуки на локално ниво во насока на зајакнување на капацитетите на општините за анализа на потребите на бизнис заедницата при утврдување на квоти за упис во средно образование.

На 9.5.2023 г. доделени се грантови на конзорциуми составени од компании и образовни установи за стручно образование и обука, кои од ,,Регионалниот фонд за предизвици” добиваат средства за набавка на опрема што ќе служи за подготовка на учениците во практичниот дел од наставата.

Како резултат на промотивните активности во учебната 2023/2024 има раст на бројот на средношколци во стручното образование, на сметка на гимназиското, така што оваа учебна година 67,3 проценти од средношколците учат во стручни училишта.

На 22.12.2023 на веб страната на МОН, објавени се резултатите за доделени 1500 стипендии за ученици/чки кои се запишани во паралелки во стручно образование во кои се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование (освен ученици/чките од здравствените струки- од јавните средни училишта. за учебната 2023/2024 година (дуални паралелки).

На 27.12.2023г. на веб страната на МОН објавен е Конкурс за доделување 500 (петстотини) стипендии за ученици кои ќе се запишат во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование од здравствена струка (дуални паралелки од здравствена струка) за учебната 2023/2024 година.

Министерството за образование и наука, оваа година почна со доделување на стипендии и за струката „Шумарство и обработка на дрво“, со цел стимулирање на учениците за стимулирање на учениците за продолжување на средното училиште токму на оваа струка.

Родово разделени податоци за доделени стипендии на струките кои се предмет на разгледување на родово буџетска изјава 2023:

| **СТИПЕНДИИ ПО СТРУКИ** | **2022/2023** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | М | | Ж | |
| | **број** | **средства** | **број** | **средства** |
| Градежно-геодетска струка | 24 | 756.000 | 30 | 945.000 |
| Земјоделско-ветеринарна струка | 20 | 630.000 | 30 | 945.000 |
| Шумарско – дрвопреработувачка струка | 7 | 220.500 | 5 | 157.500 |
| Тригодишно образование | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 190 | 3.748.500 | 41 | 1.291.500 |
| Дуални паралелки | 573 | 18.049.500 | 947 | 29.830.500 |

## 5. Анализа на буџетски алокации (планирани и потрошени средства, по корисник, дополнителни средства, специфични трошоци за жени).

Во анализата на буџетските алокации можете да се водите од:

Анализа на потрошените средства во однос на поставените индикаторите за таа програма;

Процентуалната распределба на трошоците на мажите и жените;

Вкупно реализираните средства за потпрограма средно образование за 2023 година изнесуваат 712.725.984 денари.

Реализирани средства за потпрограмата за регионални центри за стручно образование и обука изнесуваат 366.109.622 денари.

Вкупниот буџет за потпрограма средно образование за 2024 година, изнесува 804.496.000 денари.

За 2024 година доделени се 471.832.000 денари за петте регионални центри за стручно образование и обука, „Моша Пијаде" Тетово, „Киро Бурназ" Куманово, „Ванчо Питошевски" Охрид, „Никола Карев" Струмица и „Коле Неделковски" Велес.

## 6. Тесни грла и научени лекции (Како можеме да ја подобриме во иднина политиката/програмата за да обезбеди подобри резултати согласно дефинираните индикатори )

Во тек се активностите за носење на нов Закон за средно образование и нова Концепција за средно образование, Закон за стручното образование кои ќе се темелат на промовирање на инклузивност, родова рамноправност, толеранција и недискриминација по било каков основ.

Со кампањата „Учи паметно работи стручно" (дел од проектот „Образование за вработување") која се спроведуваше во целата држава по четврт пат оваа учебна 2023-2024 година а која беше во насока на зголемување на привлечноста, квалитетот и релевантноста на стручното образование се промовираше стручното образование како образование за сите, односно девојчињата по завршување на истото, можат да излезат на пазарот на трудот со стекнати соодветни вештини, знаење односно компетенции.

Проектот „Образование за вработување" почна да прави анализа на состојбата и влијанието на бариерите на девојчињата да се интересираат, да се запишуваат и да завршуваат дуално средно стручно образование и обука. Кога анализата ќе биде готова, податоците ќе можат да послужи за креирање идни политики во насока на родова еднаквост.

Во тек се активности поврзани со проценката на родовото влијание на политиките за обука и вработување на младите, организирани од We Global и како дел од истите се воведува начин

на следење на учениците кои го завршуваат средното образование со посебна назнака дека ќе постои графа за род (Tracersystem).

## 7. Заклучоци и препораки

- Зајакнување на средните стручни училишта преку насоки и обуки на раководителите и наставниот кадар за промоција на еднакви можности и надминување на родовите стереотити и предрасуди за стручното образование.

- Редовна и континуирана промоција на атрактивноста на дефицитарните струки кои се обработуваат во оваа родово буџетска изјава, пред учениците во основно образование, со посебен акцент на мотивирање на девојчиња.

- Зајакнување на системот за кариерно насочување и советување, со посебен акцент на елиминирање на родовите стереотипи за „машки“ и „женски“ професии.

Архивски бр.27-1811/1
01.02.2024 година

**Одобрил**
**Министер за образование и наука / Ministër e Arsimit dhe e Shkencës**

**Doc.Dr. Jeton Shaqiri, с.р.**

Изработил: Славица Мирческа Атовска